# NEW PROTECTIONISM IN TRADE RELATIONS BETWEEN US AND CHINA

**Emilija Miteva-Kacarski**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of North Macedonia emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Kostadinka Panova**
"Goce Delcev" University-Stip, Republic of North Macedonia kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk

**Abstract:** Increasing economic power of China during the recent decades alongside with declining share of the United States in the global production and international trade in the beginning of the 21st century has led to a change in the geopolitical landscape of the world and emergence of the "Group of Two", or simply G2. The US officials state that China is pursuing unfair trade policies, exploiting the benefits of trade liberalization and WTO membership, while at the same time keeping its domestic market safeguarded against foreign competition by providing subsidies and facilitating export through currency devaluation. The US accuses China of stealing scientific and technical knowledge and technologies from the American companies, violating the intellectual property rights and neglecting environmental protection requirements. Since 2018 the United States and China have imposed various restrictive measures on trade flows between the two countries, of which increases in tariffs have been most prominent. Tariff increases by the United States on Chinese imports led to a quick response of China, also raising its tariffs on American imports. This paper analyzes the economics of the trade conflict, discussing the economic background of the trade conflict, providing an overview of the different measures taken and exploring the economic effects.
**Keyords:** United States, China, trade conflict, tariffs, economic effects.

# НОВИОТ ПРОТЕКЦИОНИЗАМ ВО ТРГОВСКИТЕ РЕЛАЦИИ МЕЃУ САД И КИНА

**Емилија Митева-Кацарски**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република Северна Македонија
emilija.miteva@ugd.edu.mk
**Костадинка Панова**
Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Република Северна Македонија
kostadinka.cabuleva@ugd.edu.mk

**Резиме:** Зголемувањето на економската моќ на Кина во последните децении, заедно со намалувањето на учеството на Соединетите држави во глобалното производство и меѓународната трговија во почетокот на 21 век, доведе до промена на геополитичкиот пејзаж на светот и појава на „Групацијата Две ", или едноставно кажано G2. Според САД, Кина спроведува нефер трговска политика, искористувајќи ги придобивките од либерализацијата на трговијата и членството во СТО, додека во исто време го чува својот домашен пазар заштитен од странска конкуренција преку обезбедување субвенции и олеснување на извозот преку девалвација на валутата. САД ја обвинуваат Кина дека украла научни и технички знаења и технологии од американските компании, ги прекршила правата на интелектуална сопственост и ги занемарила барањата за заштита на животната средина. Од 2018 година, Соединетите држави и Кина воведоа разни рестриктивни мерки врз трговската размена меѓу двете земји, од кои посебно се издвојуваше зголемувањето на царините. Зголемувањето на царините од страна на Соединетите држави за кинескиот увоз доведе до брз одговор на Кина, исто така, зголемувајќи ги царините за американскиот увоз. Предмет на истражување на овој труд, е токму економската природа на трговскиот конфликт меѓу двете земји, притоа истражувајќи ги различните преземени мерки како и економските ефекти.
**Клучни зборови**: САД, Кина, трговски конфликт, царини, економски ефекти.

## 1. ВОВЕД

Од 2018 година, САД и Кина воведоа различни рестриктивни мерки на трговските текови меѓу двете земји, од кои најмногу се издвојуваше примената на царините. Зголемувањето на царините од страна на САД за кинескиот увоз, доведе до брз одговор на Кина, која исто така ги зголеми царините за американскиот увоз. Иако се чинеше дека трговскиот конфликт ќе ескалира есента во 2019 година, како резултат на новото зголемување на царините, на крајот на 2019 година двете земји се договорија за примирје, притоа

повлекувајќи ја најавата за зголемување на царините. Постигнатото примирје доведе до т.н. Прва фаза од договорот потпишан во јануари 2020 година.
Од почетокот на трговскиот конфликт меѓу САД и Кина, двете земји ги зголемија царините од 2.6% на 17.5% на кинескиот увоз во САД и од 6.2% на 16.4% на американскиот увоз во Кина. Во рамките на т.н. Прва фаза од Договорот меѓу САД и Кина, царините за кинескиот увоз во САД беа намалени за 16%. Наметнатите царини на кинескиот увоз беа мотивирани од неколку причини и тоа поради билатералната трговска нерамнотежа, постигнување на поголем реципроцитет во поглед на царините како и враќање на работните места во производството. Од друга страна пак, аналитичарите укажаа на тоа дека трудејќи се “да ја направи Америка повторно голема”, Трамп ги доведе САД до директно кршење на меѓународното право и меѓународните трговски договори. Протекционистичката трговска политика на САД, уште можеше да се сретне и под називот национален егоизам во рамките на концептот на економски патриотизам, па дури и како економски тероризам.
Како што покажува и историјата, трговските војни немаат победници. И двете страни доживуваат загуби, но САД имаат претходно победничко искуство во решавањето на трговските спорови и во принудувањето на другите земји да се повлечат. Кина, исто така, ја покажа својата подготвеност за компромис, намалувајќи ја нерамнотежата во билатералната трговија со САД за 200 милијарди долари и либерализирајќи го својот домашен пазар за американските компании. Сепак, барањата и санкциите наметнати од страна на САД, имаа силно влијание врз индустриската политика на Кина и беа директна закана за планот “Произведено во Кина 2025”. Овој план подразбираше дека Кина треба да обезбеди лидерство во 10 високотехнолошки индустрии (роботика, вештачка интелигенција итн.). САД ја обвинија Кина дека успесите во имплементирањето на резултатите од овој план се резултат на употребата на американските технологии и дека ќе направат обид да го ограничат пристапот до нив за кинеските индустрии.

## 2. ПРИЧИНИ ЗА ТРГОВСКАТА ВОЈНА

Се смета дека 23 март, 2018 година беше формалниот датум на започнување на трговската војна, кога Доналд Трамп го потпиша “Претседателскиот меморандум против кинеската економска агресија” и ги воведе царините за челик и алуминиум. Во 2017 година, Светската трговска организација и даде статус на пазарна економија на Кина, што резултираше со критики од страна на САД, бидејќи ваквата одлука ги ограничи можностите за протекционизам против компании од Кина. САД, одбија да ја признаат Кина како пазарна економија, што беше првиот чекор за несогласувањата во рамките на “Групата од Две земји”( S.I. Dolgov, Y.A. Savinov, 2018). Конфронтирачката политика на Трамп беше одразена и во Стратегијата за национална безбедност, усвоена во декември 2017 година и која предвидуваше ограничување на кинеските инвестиции во американска технологија, зајакнување на контролата на извозот и проширување на листата на производи за двојна употреба кои не смеат да бидат испратени во Кина. Притоа, на американските компании им беше забрането да работат со регрутирани компании, вклучувајќи ја и ЗТЕ Корпорацијата, која беше обвинета за кршење на американските санкции против Иран. Хронолошки, трговските несогласувања меѓу САД и Кина, се прикажани во табела 1:

***Табела1. Пресвртници во трговската војна меѓу САД и Кина***

| Временски период | Реакција на САД | Рекација на Кина |
|---|---|---|
| **Април –Мај 2017 година** Преговори на највисоко ниво за решавање на трговската нерамнотежа, 100 дневен план за трговски преговори | Започната истрага за увозот на челик и алуминиум. САД и дозволуваат на Кина да продава варена живина во САД. | Американските компании добиваат поголем пристап за земјоделство, енергетика и финансиските пазари во Кина |
| **Февруари – Април 2018 година** Истрага за кинеските акти, политики и практики во врска со трансферот на технологија, интелектуалната сопственост и иновациите. САД покренуваат постапка во рамките на СТО против Кина за дискриминаторско лиценцирање. Во мај 2018 година, САД го објавуваат официјалниот документ. | Глобални царини за заштита: 30% на соларни панели; 20% на машини за перење; 25% за увоз на челик; 10% за увоз на алуминиум. Мерки насочени кон Кина: ограничување на инвестициите во клучни сектори за технологија; наметнати царини за воздушна и ИТ комуникација како и за машини. | 15-25% царина за 128 категории на производи, вклучувајќи овошје, вино, безшевни челични цевки, свинско и рециклиран алуминиум. 178,6% антидампинг давачки за увоз на сорго од САД. |

| | | |
|---|---|---|
| **Јули 2018 година** Тековни преговори; внатрешна дискусија за новата листа на ограничувања. | 25% царина за 818 производи (увоз вреден 34 милијарди долари) | 25% царина за 545 производи (увоз вреден 34 милијарди долари), вклучувајќи земјоделски производи и автомобили. |
| **Август 2018 година** Страните разменуваат прелиминарни листи.Кина поднесе жалба против САД во рамките на СТО. | 25% царина за 279 стоки (увоз во вредност од 16 милијарди долари), вклучувајќи: полупроводници, хемикалии, пластика, мотори и електрични скутери. | 25% царина за 333 стоки (увоз во вредност од 16 милијарди долари) вклучувајќи: јаглен, бакар, гориво, автобуси и медицинска опрема. |
| **Септември 2018 година** Кина ги откажува трговските преговори и поднесува официјален документ | 10% царина (објавено дополнително зголемување на 25% во 2019 година) на кинески увоз во вредност од 200 милијарди долари. | 5% и 10% царина на увоз во вредност од 60 милијарди долари. |
| **Декември 2018 година** Самит на Г20 во Буенос Аирес. САД и Кина се согласуваат да не ги зголемат царините за 90 дена. | САД објавуваат дека новиот список на царини ќе биде одложен | Кина го зголемува увозот на земјоделски и енергетски производи и ги намалува царините за автомобили и автомобилски производи од 25% до стандардни 15%. |
| **Мај - јуни 2019 година** Тековни трговски преговори пред самитот на Г20 | 25% царина (зголемување од 10%) на увозот во вредност од 200 милијарди долари. Huawei и уште пет компании на Кина се додаваат на Листата на ентитети. | Воведени царини од 25%-20%-10% за увоз во вредност од 60 милијарди долари (зголемени од 10%-10%-5% соодветно). |
| **Јуни 2019 година** Самит на Г20 во Осака.Страните се согласуваат да избегнат зголемување на царините. | Забраната за договори со Huawei е преиспитана. 110 производи се исклучени од 25%-царина. | Кина ги објавува своите планови за зголемување на увозот на земјоделски производи. |

Извор: https://www.shs-conferences.org/articles/shsconf/pdf/2020/01/shsconf_ies_2019_01012.pdf

И покрај постигнувањето на договорот на самитот на Г20 во Осака, двете земји многу брзо почнаа да разменуваат закани за зголемување на царините. Кинеските компании престанаа да купуваат земјоделски производи од САД. САД ја обвинија Кина за манипулации со валутата, со цел да добие конкурентска предност и делумно да ги неутрализира ефектите од наметнатите царини. Кина, пак, го иницираше третиот случај во рамките на СТО против САД, нагласувајќи ги причините за наметнување на царините. Занемарувајќи ги резултатите од самитот на Г -20, САД воведоа нова листа на царини за увоз од Кина во вредност од 125 милијарди долари. За возврат, Кина воведе царина од 5% за американската сурова нафта и друга стока во вредност од 75 милијарди долари. Двете земји подоцна исклучија некои стоки од листата, бидејќи станувашe поочигледно дека бизнисите од двете земји плаќаат премногу за преземените акции од страна на владите.

Едностраните санкции против ZTE и Huawei значително ја намалија нивната конкурентност и го попречија развојот на кинеските високотехнолошки индустрии. Од друга страна пак, веројатноста беше дека Кина нема да направи значителни отстапки и да го напушти развојот на дигиталната економија. Напротив, најверојатно ќе продолжи со развојот на сопствените технологии како што е, како и да ги бојкотира американските стоки и услуги. Особено, една од чувствителните теми на трговските преговори во земјоделството е кинескиот увоз на соја од американско производство. Кина престана да увезува соја од САД во јули 2018 година, но продолжи со купување американска соја во декември 2018 година. Извозот на земјоделски производи од САД подоцна беше во центарот на преговорите. Како резултат на тоа, Кина ја исклучи сојата, како и други земјоделски производи од дополнителните царини во септември 2019 година. САД пак, сакаа да го зголемат бројот на работни места со враќање на американскиот капитал во својата матична земја и спроведување на реиндустријализација.

### 3. РЕЗУЛТАТИ И МОЖНИ СЦЕНАРИЈА ОД ТРГОВСКАТА ВОЈНА

Според некои експерти, одговорот на Кина во трговската војна со САД може да биде потежок за американската економија, отколку за Кина (Y. Wang, 2018). Американските компании делумно ќе ги изгубат потрошувачите во Кина поради националистичките апели за бојкот на производите од американски компании, вклучувајќи ги Епл, Мекдоналдс, КФЦ. Паралелно со тоа, внатрешната побарувачка на Кина за производи ограничени од страна на САД (на пример, ZTE и Huawei) се зголемува. Санкциите против ЗТЕ ја доведоа компанијата во многу тешка положба, бидејќи повеќето од чиповите за производство на телекомуникациска опрема беа увезени од САД, и добавувачите од Кина и Кореја не можеа да ја заменат таа количина (Y. Wang, 2018). Влијанието врз потрошувачите пред се зависи од потрошувачкиот избор на поединецот. На пример, оние Американци кои уживаат во технолошки производи, обично произведени во Кина, значително ќе ја почувствуваат разликата во споредба со оние што се потпираат на домашно (американско) производство на стоки, бидејќи увезената стока е поскапа како резултат на зголемените царини. Според една студија, наметнувањето царини за увоз од 200 милијарди американски долари го чини секое американско домаќинство, во просек 127 американски долари годишно (Q. Bui, N. Irwin, 2018).
Според проценките на Блумберг, доколку целиот кинеско-американски меѓусебен увоз стане предмет на царини за увоз, глобалниот БДП ќе падне за 600 милијарди американски долари. И дури и ако запре трговската војна, претходно спроведените ограничувања ќе резултираат со забавување на растот на БДП за 0,2% во САД и за 0,5% во Кина во период од 2 години (B. Holland, C. Sam, 2019). Експертите од Кина ја проценуваат вкупната штета од зголемувањето на американските царини за увоз од 0,3% на 0,7% врз растот на БДП на НР Кина, што е релативно „скромна“ проценка (A.O. Vinogradov, 2019). Според TerenceTai-Leung Chong & Xiaoyang Li, трговската војна ќе го намали вработувањето во Кина за 1,1% и БДП за 1,0%, што може да се смета за не толку значајно за Кина (T.T.L. Chong, X. Li, 2019). C. Fred Bergsten идентификуваше три сценарија за развој на трговска војна: Г0 во кој САД веќе не се подготвени да водат, но Кина сеуште не е способна или нема доволно волја, нов Г1, порано или подоцна, предводен од Кина; и кооперативна Г2 во која САД и Кина се согласуваат да го делат лидерството (C.F. Bergsten, 2019).
Администрацијата на САД под претседателство на Бајден, презеде претпазлив пристап во својот трговски однос со Кина. Од една страна, сеуште не се отстранети царините наметнати од страна на администрацијата на Трамп. Од друга страна пак, американските производствени индустрии што биле повеќе изложени на зголемувањето на царините, доживеале релативно намалување на вработувањето од причина што секој позитивен ефект од заштитата од увоз обично е компензиран со поголеми негативни ефекти од зголемените трошоци на инпутите и реципроцитетните царини на Кина. (Flaaen and Pierce, 2019).САД пристапуваат кон трипартитна стратегија за конкуренција, конфронтација и компромис во поглед на трговските односи со Кина. Периодот што следи може да означи пресвртница за трговската политика на САД во однос на Кина т.е. или може да биде продолжение на статус кво ситуацијата или дури и на ескалација на антикинеското трговско расположение.
Од суштинско значење за трговскиот однос меѓу САД и Кина, дали ќе биде конкурентен или конфронтирачки - ќе бидат случувања во технолошкиот сектор, кој продолжува да биде спорна област (Dollar, 2021). Администрацијата на САД планира амбициозни трошоци за истражување и развој на клучните технологии, со цел создавање на конкурентска предност. Покрај ова, напорите да се ограничи пренесувањето на технологијата во Кина преку ограничувања за извоз и инвестиции, и кои започнаа од страна на претседателот Трамп, беа зголемени. Целта на претседателот Бајден е зајакнување на иновативната предност на Америка на пазарите како што се биотехнологија, компјутерски чипови и чиста енергија (Kelly and McCabe, 2021).Фокусот на американската администрација на „Произведено во Америка” може да ги трансформира нејзините глобални трговски односи, вклучително и со Кина. Имено, Претседателот Бајден неодамна ја промовираше канцеларијата на „Произведено во Америка“ во Белата куќа, за да се поттикнат федералните агенции да купуваат повеќе производи направени во Соединетите држави (The White House, 2021). Ваквата политика би можела да значи дека најважните билатерални трговски релации на САД би се искористиле за создавање на подобро платени домашни работни места, отколку да се развива трговска политика која би била насочена кон промовирање на слободни пазари. Во тој контекст, договорот меѓу САД, Канада и Мексико би имал приоритет во споредба со унапредување на трговските односи со Кина. Паралелно со оваа политика, САД исто така нагласи враќање на мултилатерализмот и обновување на своите глобални партнерства. Од друга страна пак, сојузниците на САД изградија посилни инвестициски врски со Кина отколку со САД. Од изборот на Бајден, ЕУ, Јапонија, Јужна Кореја, Австралија, Нов Зеланд и АСЕАН потпишаа нови економски договори со Кина (Dollar, 2021; Harding and Reed, 2020). Ова е во спротивност со водењето мултилатерална стратегија од страна на САД.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Глобалната трговска политика претрпе значителна трансформација во последната деценија поради фактот што забрзаната економска интеграција што ги карактеризираше претходните децении сега е помалку очигледна. Со оглед на мноштвото ризици што се појавија по пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД-19, вклучително и со дистрибуцијата на вакцините за КОВИД-19 и зголемените дискусии околу раздвојувањето меѓу САД и Кина, може да дојде до „нова ера на протекционизам". Ова, исто така, може да биде поттикнато, пак, од зголемениот економски диспаритет помеѓу економиите со пониски и средни приходи во споредба со развиените земји. И покрај мноштвото ризици, протекционизмот, најверојатно, засега ќе се држи настрана. Како олеснителна околност е колективниот напор за ограничување на трговските ограничувања под новото раководство на СТО. За време на пандемијата КОВИД-19, земјите-членки на СТО направија колективен напор да ги ограничат протекционистичките мерки. И покрај зголемувањето на мерките за ограничување на трговијата во првата половина на 2020 година, членките на СТО во голема мера се воздржаа од протекционистички политики што би ја намалиле трговијата, или, во некои случаи, воведе мерки за либерализација. Поконкретно, членовите предложија иницијативи кои повикуваат на воздржаност при наметнување на какви било нови ограничувања за извоз. Економскиот национализам не мора да доведе до протекционизам; и историски е поврзан со широк спектар на политики, вклучувајќи ги и оние поврзани со либерални економски политики. Повеќето влади ги поддржуваат и таргетираат младите и иновативни индустрии со субвенции, селективни набавки и заштита на трговијата. Поизвесно е балансирано преговарање за некои трговски договори, за да им се овозможи на САД или на која било друга економија повеќе предност во новите трговски договори отколку отворениот протекционизам.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**:

Bergsten, C.F. (2018).China and the United States: The Contest for Global Economic Leadership. China & World Economy, 26(5), 12-37

Bui, Q., & Irwin, N. (2018). How Much Will the Trade War Cost a Typical American Family? Around $60 (So Far) [online], Available at: https://www.nytimes.com/interactive/2018/07/12/upshot/trade-war-cost-families.html

Chong, T.T.L., & Li, X. (2019). Understanding the China–US trade war: causes, economic impact, and the worst-case scenario. Economic and Political Studies, 7(2), 185-202

Dollar, D. (2021, April 26). What does Biden's first 100 days tell us about his approach to China. Brookings.https://www.brookings.edu/ blog/fixgov/2021/04/26/what-does-bidens-first-100-days-tell-us-about-his-approach-to-china/

Dolgov, S.I., & Savinov, Y.A. (2018). International trade: USA on the warpath. Russian Foreign Economic Bulletin, (9), 7- 20

Flaaen, A., & Pierce, J. (2019). Disentangling the Effects of the 2018-2019 Tariffs on a Globally Connected U.S. Manufacturing Sector. Finance and Economics Discussion Series 2019-086. Washington: Board of Governors of the Federal Reserve System. https://doi. org/10.17016/FEDS.2019.086.

Holland, B., & Sam, C. A (2019). $600 Billion Bill: Counting the Global Cost of the U.S.-China Trade War [online], Available at: https://www.bloomberg.com/graphics/2019-uschina-trade-war-economic-fallout/

Kelly, E., & McCabe, J. (2021, April 1). Biden unveils historic $325B research and innovation plan. Science Business. https:// sciencebusiness.net/news/biden-unveils-historic-325b-research-and-innovation-plan.

The White House. (2021). Executive Order on Ensuring the Future Is Made in All of America by All of America's Workers. https://www. whitehouse.gov/briefing-room/presidential-actions/2021/01/25/executive-order-on-ensuring-the-future-is-made-in-all-of-america-by all-of-americas-workers/

Vinogradov, A.O., Salitsky, A.I., Semenova, N.K. (2019). US-China Economic Confrontation: Ideology, Chronology, Meaning. Vestnik RUDN. International Relations, 19(1), 35-46

Wang, Y. (2018). Last warning: what US Hi-Tech companies lose in trade war with China [online], Available at: https://www.forbes.ru/tehnologii/360641-posledneepreduprezhdenie-chto-poteryayut-tehnologicheskie-kompanii-ssha-v